# ИНДИКАТОР 5.а.1: ЗЕМЈИШНИ ПРАВА НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

Food and Agriculture Organization of the United Nations

SUSTAINABLE DEVELOPMENT GOALS

# ПРЕГЛЕД

1. Вовед
2. Индикатор 5.а.1: подиндикатори А и Б
3. Насоки за проектот EDGE
4. Дефиниција на клучните поими и концепти употребени во индикаторот 5.а.1
5. Сродни (прокси) услови за индикаторот 5.а.1
6. Стратегии за собирање податоци

# 1. ВОВЕД

# 1. ВОВЕД

**Индикатор 5. а. 1:**

Индикаторот 5.а.1 е **официјално одобрен** на 47-та седница на Статистичката комисија на ОН во март 2016 година

**Старателство**

ФАО
UNSD и UNWOMEN како агенции кои придонесуваат

**Методолошка работа**

Водени од проектот Докази и податоци за родова еднаквост (EDGE), заедничка иницијатива на UNSD и UN Women, во соработка со Азиската банка за развој, ФАО и СБ.

**Класификација**

**Првично класифициран како индикатор од ниво III.** Благодарение на значителната методолошка работа и финализирањето на протоколот за собирање податоци, 5.а.1 беше **надграден во групата за ниво II на 5-тиот IAEG-SDG (Меѓуагенциска и експертска група за целите за одржлив развој) (март, 2017 год.)**

# 1. ВОВЕД

5 GENDER EQUALITY

**ЦЕЛ 5**

Постигнување родова еднаквост и зајакнување на сите жени и девојки

ЦЕЛ 5.1 | ЦЕЛ 5.2 | ЦЕЛ 5.3 | ЦЕЛ 5.4 | ЦЕЛ 5.5 | ЦЕЛ 5.6 | **ЦЕЛ 5.А** | ЦЕЛ 5.Б | ЦЕЛ 5.В

Направете реформи за да им дадете на жените еднакви права до економските ресурси, како и пристап контрола на сопственоста на земјиштето и други облиците на имот, финансиските услуги, наследството и природните ресурси, во согласност со националните закони

# 1. ВОВЕД

**Во контекст на целта 5.А, индикаторот 5.а.1 е важен бидејќи:**

**ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ**

е **клучна влезна компонента** во земјите во развој, каде што стратегиите за намалување на сиромаштијата и развој честопати се засноваат на земјоделскиот сектор.

**РОДОВА ЕДНАКВОСТ**

жените можата **да ја зголемат и зајакнат својата продуктивност** доколку имаат **поголем пристап до продуктивни ресурси**, особено **земјиште**.
**Потребни се силни емпириски докази** за да се следат недостатоците и да се следи напредокот.

# 1. ВОВЕД

Полово распределените податоци за земјоделска сопственост на земјиштето е од клучно значење за следење на недостатоците и следење на напредокот кон целта 5.А.

**Само шест години до 2030, податоците се сè уште оскудни на глобално ниво. Во моментов, има 49 земји со најмалку една податочна точка во базата на податоци на IAEG-SDG.**

SDG индикатор 5.a.1
Контролна табла

# 2. ИНДИКАТОР 5.А.1: ПОДИНДИКАТОРИ А И Б

# 2. ИНДИКАТОР 5.А.1: ПОДИНДИКАТОРИ А И Б

ИНДИКАТОР 5.а.1:

**ПОДИНДИКАТОР 5.а.1 (а)**

Процент на **лица со сопственост на или обезбедени права** за земјоделско земјиште (од вкупното население што се занимава со земјоделство), *по пол*;

мери колку **преовладуваат** правата на сопственост / владение врз земјоделското земјиште кај референтната популација (земјоделски домаќинства), **по пол**

**ПОДИНДИКАТОР 5.а.1 (б)**

„Удел на **жени меѓу сопствениците** или носителите на права врз земјоделското земјиште, *по вид на владение*.

овозможува да се следи уделот на жените во земјоделските домаќинства со сопственост или обезбедени права врз земјоделското земјиште меѓу вкупните број поединци со сопственост/обезбедени права, по тип на владение

# 2. ИНДИКАТОР 5.А.1: ПОДИНДИКАТОРИ А И Б

*Податоци кои се неопходни за пресметување на двата подпоказатели се*

**вкупно возрасно земјоделско население (= возрасни членови во земјоделските домаќинства),** по пол

број на полнолетни **физички лица со право на сопственост или владение** врз земјоделското земјиште, по пол



# 2. ИНДИКАТОР 5.А.1: ПОДИНДИКАТОРИ А И Б

***Подиндикатор а***

Жени

*# од* *на жени* *со сопственост или обезбедени права врз земјоделско земјиште*

Вкупно жени од земјоделското население (членови на земј.домаќ.)

Мажи

*# од* *на мажи* *со сопственост или обезбедени права врз земјоделско земјиште*

Вкупно мажи од земјоделското население (членови на земј.домаќ.)

Возрасни жени без право на владение врз земјиштето

Возрасни жени со право на владение врз земјиштето



Возрасни мажи без право на владение врз земјиштето

Возрасни мажи со право на владение врз земјиштето



# 2. ИНДИКАТОР 5.А.1 И НЕГОВИТЕ ПОДИНДИКАТОРИ

***Подиндикатор б***

*# од на жени со сопственост или обезбедени права врз земјоделско земјиште, по вид на владение*

---

*Вкупно лица со сопственост или обезбедени права врз земјоделско земјиште, по вид на владение*



# 2. ИНДИКАТОР 5.А.1: ПОДИНДИКАТОРИ А И Б

Оттука, чекорите што треба да се следат за да се процени индикаторот 5.а.1 се следниве:

1

**Идентификувајте го земјоделското население.**
Ова се прави **врз основа на ангажираноста на домаќинството во земјоделство.**
(дополнително ќе биде дискутирано и објаснето во деловите 4 и 5)

2

**Проценете го процентот на луѓе со сопственост или обезбедени права** врз земјоделско земјиште, по пол (**подиндикатор а**)

3

Проценете го уделот на жени во земјоделските домаќинства со сопственост или обезбедени права врз земјоделско земјиште меѓу вкупниот број поединци со сопственост/обезбедени права (подиндикатор б)

# 2. ИНДИКАТОР 5.А.1: ПОДИНДИКАТОРИ А И Б

Зошто индикаторот се фокусира на земјоделските домаќинства?

Бидејќи индикаторот 5.а.1 се фокусира на обезбедените права врз земјоделско земјиште, референтното население (*именител*) треба да биде **населението чијашто егзистенција е поврзана со земјоделското земјиште – т.е. земјоделски домаќинства.**

Навистина, индикаторот помага во следење на постојните **родови нееднаквости** и **статус на немање права** кај земјоделското население.

# 2. ИНДИКАТОР 5.А.1 И НЕГОВИТЕ ПОДИНДИКАТОРИ

| | мажи | жени | вкупно |
|---|---|---|---|
| Вкупно возрасни поединци земјоделско население со сопственост/обезбедени права врз земјоделско земјиште | 100 | 10 | 110 |
| Вкупно возрасни поединци земјоделско население | 200 | 100 | 300 |






# 4. КЛУЧНИ ПОИМИ И КОНЦЕПТИ

# 4. КЛУЧНИ ПОИМИ И КОНЦЕПТИ

За да се следи SDG индикаторот 5.а.1, од суштинско значење е да се постигне заедничко разбирање на терминологијата што се користи за подолу наведеното:

- ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ
- ВОЗРАСНО ЗЕМЈОДЕЛСКО НАСЕЛЕНИЕ
- СОПСТВЕНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕ
- ПРАВА ЗА ВЛАДЕНИЕ ВРЗ ЗЕМЈИШТЕТО

# 4. КЛУЧНИ ПОИМИ И КОНЦЕПТИ

ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ

- Суштински за мерење на индикаторот SDG 5.a.1 бидејќи истиот е главниот фокус и средство што се користи за проценка на родовите разлики
- Земјоделското земјиште е од витален економски придонес, особено во земјите со низок и ниско-среден приход.
- Економскиот развој и стратегиите за намалување на сиромаштијата честопати зависат од земјоделството.

# 4. КЛУЧНИ ПОИМИ И КОНЦЕПТИ

Светскиот попис на земјоделството од 2020 година предложи **меѓународно договорена класификација за користењето на земјиштето**, според која постојат **девет основни класи за користење на земјиштето** (LU1-LU9), каде земјоделското земјиште е подмножество од земјиштето (LU1-LU5).




Дефиницијата за земјоделско земјиште за **индикатор 5.а.1** е преземена од оваа рамка, со што се фокусира на **првите 5 класи**.

Забелешка: LU1 и LU4 вклучуваат оранжерии и земјиште под семејни градини

# 4. КЛУЧНИ ПОИМИ И КОНЦЕПТИ

ВОЗРАСНО НАСЕЛЕНИЕ КОЕ СЕ ЗАНИМАВА СО ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Бидејќи индикаторот 5.а.1 се фокусира на обезбедените права врз земјоделско земјиште, референтното население од 5.а.1 е населението чијашто егзистенција е поврзана со земјоделското земјиште – т.е.

***возрасни лица кои живеат во земјоделски домаќинства***

# 4. КЛУЧНИ ПОИМИ И КОНЦЕПТИ

| | |
|---|---|
| Домаќинството се смета за **земјоделско** ако: | **Управувал со земјиште заради земјоделски цели или чувал добиток во изминатите 12 месеци, без оглед на крајната намена** |
| Зошто толку долг референтен период? | Земјоделската работа се карактеризира со нередовна и сезонска природа. Усвојувањето на краток референтен период и собирањето податоци надвор од сезоната претставува ризик од исклучување на домаќинствата кои се занимаваат со земјоделство. |
| Зошто „без оглед на крајната намена“? | Земјоделската работа честопати се врши првенствено за самостојни потреби, што резултира со минимален или без паричен приход. Следствено, истата не може да биде сфатена стриктно како економска активност во традиционална смисла. |
| Зошто да не се земат ЗД кои се занимаваат со шумарство, сеча, риболов? | Активностите на шумарството, сечата, риболовот и аквакултурата не се земени предвид бидејќи фокусот на индикаторот е на земјоделското земјиште. |

# 4. КЛУЧНИ ПОИМИ И КОНЦЕПТИ

Штом домаќинството стане класифицирано како „земјоделско“, сите полнолетни членови може да бидат прашани за нивната сопственост и обезбедени права врз земјоделското земјиште.

Гледиштето на **домаќинствата** е неопходно затоа што:

- егзистенцијата на **поединецотне може целосно да се одвои** од егзистенцијата на другите членови на домаќинството
- од **родова перспектива, жените** честопати не се сметаат себеси за вклучени во земјоделството, иако всушност тие ја **обезбедуваат суштинската поддршка за земјоделските активности на домаќинството**
- **земјиштето служи како клучно средство за сите членови**, нудејќи заштита и сигурност во случај на разделување на домаќинството.

# 4. КЛУЧНИ ПОИМИ И КОНЦЕПТИ

Со оглед на ова, во контекст на индикаторот 5.а.1, **поединец** е дел од референтното население доколку се исполнети следните **два услови** :

**Поединецот е полнолетен (>=18 години)**

+

**Поединецот припаѓа на домаќинството и управувал со земјиште заради земјоделски цели или чувал добиток во изминатите 12 месеци, без оглед на крајната намена**

# 4. КЛУЧНИ ПОИМИ И КОНЦЕПТИ

Оттаму, во анкетите на домаќинствата, каде единица за анализа се домаќинствата, земјоделските домаќинства може да се идентификуваат преку следниве прашања:

| | Прашање |
|---|---|
| **Q1** | Дали ова домаќинство управувало со **земјиште** [1] за земјоделски цели во последните 12 месеци? [2]<br>1. Да<br>2. Не (**→ Q3**) |
| Q2 | Дали земјоделството се практикувало како…<br>*(штиклирајте сѐ што важи)*<br>1. За употреба / консумирање во рамки на домаќинството<br>2. За профит / трговија<br>3. Платена работа за други лица |
| Q3 | Дали ова домаќинство одгледувало или чувало **добиток** (на пр. говеда, кози, итн.) во последните 12 месеци?<br>1. Да<br>2. Не**(крај на прашањата)** |
| Q4 | Дали одгледувањето/чувањето добиток се практикувало како…<br>*(штиклирајте сѐ што важи)*<br>1. За употреба / консумирање во рамки на домаќинството<br>2. За профит / трговија<br>3. Платена работа за други лица |

[1] Вклучувајќи овоштарници и кујнски градини

[2] Алтернативни фрази:

- Дали ова домаќинство го обработувало земјиштето за земјоделски цели во последните 12 месеци?
- Дали ова домаќинство го користело земјиштето за земјоделски цели во последните 12 месеци?
- Дали ова домаќинство управувало со земјиштето **за да произведе земјоделски култури** во последните 12 месеци?
- Дали ова домаќинство **го обработувало** земјиштето **за да произведе земјоделски култури** во последните 12 месеци?
- Дали ова домаќинство **го користело** земјиштето **за да произведе земјоделски култури** во последните 12 месеци?

# 4. КЛУЧНИ ПОИМИ И КОНЦЕПТИ

Домаќинството е **дефинирано како земјоделско домаќинство** ако:

и / или

1. управувал со земјиштето во изминатите 12 месеци за земјоделски цели или за сопствено консумирање или трговија, или за обете (Q1 = да, Q2 = „сопствено консумирање“ или „трговија“)

1. одгледувал добиток во изминатите 12 месеци за земјоделски цели или за сопствено консумирање или за трговија, или за обете (Q3 = да, Q4 = „сопствено консумирање“ или „трговија“)

Домаќинството **е не е земјоделско домаќинство** ако:

или

1. не управувал со земјиште и не одгледувал добиток

2. неговите членови управувале со земјиште или одгледувале добиток само како најмени работници.
Во таков случај тие се работници во претпријатие, па затоа не треба да се смета дека им било ускратено правото само затоа што не ги поседуваат средствата на претпријатието.

# 4. КЛУЧНИ ПОИМИ И КОНЦЕПТИ

**СОПСТВЕНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕ**

е законски признаено право за стекнување, користење и пренос на земјиште. Во системите за приватна сопственост, ова е слично на неограничено владение.

Индикаторот 5.а.1 има за цел да ја следи родовата еднаквост во однос на сопственоста и обезбеденоста на правата врз земјоделското земјиште.

Претставува предизвик да се дефинираат и операционализираат правата на сопственост и владение врз земјиштето на начин што обезбедува сигурни и споредливи бројки за земјите.

Како што е предложено во упатствата на EDGE, концептот на сопственост на земјиште е оттука **проширено** и дефинирано како **збирка на права.**

# 4. КЛУЧНИ ПОИМИ И КОНЦЕПТИ

**Така**, во некои контексти, посоодветно е да се погледне поширокиот концепт на:

ПРАВА ЗА ВЛАДЕНИЕ ВРЗ ЗЕМЈИШТЕТО

Во системите **каде земјиштето е во сопственост на државата**, поимот „сопственост на земјиште“ вообичаено се подразбира дека се однесува на поседување на права кои многу наликуваат на сопственоста во системот на приватна сопственост. Овие права може да вклучуваат долгорочни закупи, станарски права, договори за закуп или права на користење доделени од државата, кои честопати се протегаат во период од неколку децении и се потенцијално преносливи помеѓу страните.

Дополнително, во контекст на индикаторот. 5.а.1, а следејќи ги препораките на EDGE, секогаш кога законската сопственост е непостоечка или ирелевантна, **правата за сопственост на земјиштето** се засноваат на **правата на отуѓување**, т.е. **правото на продажба** и правото да се остави **земјиштето во наследство**.

# 5. СРОДНИ (ПРОКСИ) УСЛОВИ ЗА ИНДИКАТОРОТ 5.А.1

# 5. СРОДНИ (ПРОКСИ) УСЛОВИ ЗА ИНДИКАТОРОТ 5.А.1

**EDGE проектот ги разгледа и провери сродните услови** коишто можат да укажат дека поединецот може да бара сопственост или право на сопственост врз земјоделско земјиште

Теренските тестови **во седум земји** обезбедија информации за методологијата за следење на индикаторот 5.а.1. Конкретно, тестовите го покажаа следново:

Потребата да се сметаат за **сопственици или носители на правата на сопственост на земјиштето** само поединците, кои се поврзани со земјоделското земјиште со **објективно право врз истото**, вклучувајќи ги и формалните законски права на поседување и отуѓување.

Потребата **да се комбинираат различни сродни услови,** бидејќи нема поединечни сродни услови кои се универзално применливи

# 5. СРОДНИ (ПРОКСИ) УСЛОВИ ЗА ИНДИКАТОРОТ 5.А.1

Врз основа на **заклучоците од проектот EDGE**, а со цел да се генерира **глобално валиден индикатор**, ФАО препорачува употреба на **три сродни услови:**

| | | |
|---|---|---|
| **ПРАВЕН ДОКУМЕНТ** | **ПРАВО НА ПРОДАЖБА** | **ПРАВО ДА ГО ОСТАВИ ВО НАСЛЕДСТВО** |

Трите прокси услови **меѓусебно не се исклучуваат,** па затоа е можно едно лице да има едно или повеќе од горенаведените права истовремено.

Присуството на **едно од трите сродни услови е доволно** за да се дефинира лицето како сопственик или носител на обезбедените права врз земјоделско земјиште.

# 5. СРОДНИ (ПРОКСИ) УСЛОВИ ЗА ИНДИКАТОРОТ 5.А.1

| *Сродни услови* | *Сродниот услов значи:* | *Така, поединец во земјоделско домаќинство се смета за сопственик или носител на правата ако:* |
|---|---|---|
| ПРАВНО ПРИЗНАТ ДОКУМЕНТ | Достапност на законски признат документ | Неговото/нејзиното име стои на документ кој сведочи за правата на владение врз земјоделското земјиште |
| ПРАВО НА ПРОДАЖБА | Можност поединецот трајно да го пренесе предметното средство во замена за паричен или непаричен надомест. | Има право да го продава земјоделското земјиште |
| ПРАВО ДА ГО ОСТАВИ ВО НАСЛЕДСТВО | Можност поединецот да го предаде предметното средство на друго лице(и) по неговата смрт, со тестамент во писмена форма, тестамент во усна форма (ако се признава во државата) или законски дефинирана оставина | Има право да остави во наследство земјоделското земјиште |

# 5. СРОДНИ (ПРОКСИ) УСЛОВИ ЗА ИНДИКАТОРОТ 5.А.1

Што се однесува до **правата на сопственост на земјиште поткрепени со законски признати документи,**

Се смета дека поединецот има законско право кога неговото/нејзиното име е документирано како сопственик или носител на законски признат документ. Таквиот документ може да биде користен од поединецот за да бара право на сопственост, имот или права за користење пред законот.

бидејќи списокот на законски признати документи **варира во различни земји**, секоја земја ќе го приспособи списокот согласно нејзиниот конкретен локален контекст.

Имајќи ги предвид разликите помеѓу правните системи во земјите, не може јасно да се дефинира исцрпен список на законски признати документи, кои дозволуваат барање право на сопственост, имот или права за користење пред законот.

Следниот слајд дава примери на законски признати документи од разни национални правни системи, кои служат како примери.

# 5. СРОДНИ (ПРОКСИ) УСЛОВИ ЗА ИНДИКАТОРОТ 5.А.1

| | |
|---|---|
| **Имотен лист** | Писмен или испечатен инструмент што има ефект на правен диспозитив |
| **Уверение за владение или уверение за земјиште** | Заверена копија од запис во системот за сопственост на земјиште што обезбедува доказ за сопственоста и товар врз земјиштето |
| **Законски признат купопродажен договор** | Договор помеѓу продавачот и купувачот за располагање со земјиштето |
| **Законски признат тестамент/потврда за наследно стекнување** | Уверение кое обезбедува доказ дека земјиштето е примено преку наследство |
| **Уверение за обичајно владение** | Официјален државен документ со кој се признава одредено лице како правен сопственик или носител на правата на земјиштето врз основа на обичајно право. Може да се користи како доказ за законско право врз земјиштето. Овие уверенија вклучуваат, меѓу другото, уверение за обичајна сопственост и обичајна употреба |
| **Уверение издадено за нерегулирно поседување или користење** | Уверение што укажува дека нерегулираниот посед (незаконски поседник или корисник) го стекнува земјиштето по пропишаниот законски рок |

# 5. СРОДНИ (ПРОКСИ) УСЛОВИ ЗА ИНДИКАТОРОТ 5.А.1

Зошто само законски признатите документи се недоволни

Во земјите со низок и ниско-среден приход, особено од родова перспектива, фокусирањето само на законски признати документи е недоволно за анализа на сложеноста на правата за земјиштето. Зошто?

Во некои земји, постои **ниска пенетрација на законски признати документи**, а сепак **поединци сѐ уште имаат права** врз земјиштето, на пример можат да го продадат, подарат или оставaт во наследство нивното земјиште

Пенетрацијата (застапеноста) на **на законски признатите документи е различна во различни региони и земји**, па затоа потпирањето само на достапноста на такви документи не дава цврста и универзално валидна мерка за правата на сопственост на земјиштето

Од овие причини, постои потреба да се разгледаат **дополнителни карактеристики кои можат да укажат на сопственост на земјиштето или права на сопственост**, т.е., право на продажба и право да го оставаат во наследство.

# 5. СРОДНИ (ПРОКСИ) УСЛОВИ ЗА ИНДИКАТОРОТ 5.А.1

Зошто не се користи пријавената сопственост?

Како што е нагласено во упатствата за EDGE, **пријавената сопственост** се однесува на лице(а), кое се смета себеси за сопственик на предметното средство, без разлика дали неговото или нејзиното име е наведено како сопственик во имотниот документ за средството. Оттаму, се мери самоперцепцијата на луѓето за нивниот сопственички статус.

Се работи за клучен концепт **за разбирање на ефектите од зајакнување на сопственоста врз средствата од родова перспектива,** бидејќи очекуваме придобивките и однесувањата поврзани со сопственоста на средствата да бидат под влијание на перцепцијата на луѓето за она што самите веруваат дека го поседуваат.

**Сепак,** тоа не може објективно да се потврди и не е нужно поврзано со објективните права врз земјиштето

Индикаторот 5.a.1 е глобален индикатор и оттаму заради **споредливост,** пријавената сопственост **не може** да се користи во овој контекст

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

## ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ

### Препорачани извори на податоци

Индикаторот 5.а.1 се фокусира на **возрасни лица кои живеат во земјоделски домаќинства –** т.е. практикуваат земјоделство за сопствени потреби/консумирање или за профит/трговија.

Со оглед на референтното население**, најсоодветни извори на податоци** се:

**Земјоделски истражувања** или **Национални истажувања за домаќинствата** како

- Истражувања за мерење на животниот стандард (LSMS)
- Истажувања за буџетот на домаќинствата (HBS)
- Демографски и здравствени истражувања (DHS)
- Истражувања со повеќе индикатори за кластери (MICS)
- Истражувања за условите за живеење
- Истражувања за работната сила (LFS)
- Интегрирани истражувања за домаќинствата

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

**Зошто се препорачуваат земјоделски истражувања?**

Нивната **единица на анализа** се земјоделските стопанства и во најголем дел од земјите постои **однос еден на еден** помеѓу земјоделските стопанства во секторот домаќинства и земјоделските домаќинства.

Според тоа, **земјоделски истражувања добро го доловуваат референтното население за индикаторот 5.a.1** (т.е. земјоделски домаќинства) и **не бараат преголем примерок** за да се генерираат национални репрезентативни проценки за 5.a.1.

Земјоделските истражувања **лесно можат да одговорат на прашања поврзани со правата за владение со земјоделското земјиште,** бидејќи истите честопати собираат информации на ниво на парцела за владението и производството

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

**Зошто се препорачуваат национални истражувања за домаќинствата?**

Генерално, истите се **поекономични** од пописите бидејќи се спроведуваат на репрезентативен примерок кој потоа се користи за проценка на параметрите на национално и поднационално ниво.

Овие статистики се **најчесто достапен** извор на податоци и во развиените и во земјите во развој

Истите имаат тенденција да бидат многу **опширни по опфат** и вообичаено се користат за генерирање социјални, демографски и економски статистики.

Затоа:

**Може да одговорат на прашања** потребни за пресметување на индикаторот 5.а.1

**Дозволуваат истражување на поврзаност** помеѓу индивидуалниот статус на индикаторот 5.а.1 и другите индивидуални карактеристики или карактеристики на домаќинството (на пр. образование, здравје, ниво на приходи)

**Може да вклучуваат дополнителни податоци** за подетална анализа на индикаторот (на пр. површина на земјиштето)

Сепак, може да се случи **за земјоделските домаќинства да бидат земен поголем примерок** за да се спречат проблеми поврзани со прецизноста на проценките.

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

**Алтернативни извори на податоци**

**Земјоделските пописи (AC)**може да се смета за алтернативен извор на податоци за индикаторот 5.а.1 бидејќи вообичаено постои модул за владението врз земјиштето за кој може да се вметнат дополнителни прашања.

Истите обично се спроведуваат **на секои 10 години,** па затоа не дозволуваат внимателно следење на напредокот на индикаторот 5.а.1

Се работи за **големи и скапи** активности кои се фокусираат на структурата на населението

**Во голема мера се потпираат на сродни испитаници,** пристап кој е спротивен на постапката за избор на испитаници препорачана за индикаторот 5.а.1.

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

## Исклучени извори на податоци

**Административните податоци**, како што се **земјишните регистри**, не се прибираат за статистички цели, со што се отвораат одредени **прашања** во однос на податоците потребни за индикаторот 5.а.1, имено:

Иако земјишните регистри можат да обезбедат податоци за сопственоста на земјиштето, истите **не наведуваат дали сопственикот / носителот на сопственоста живее во земјоделско домаќинство**

Во многу земји, треба да се подобри квалитетот на земјишните регистри, бидејќи истите се честопати неефикасни и застарени

Понекогаш, **не содржат информации за полот** на сопственикот/имателот на правата за земјиштето

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

**ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ДОМАЌИНСТВА**

- **Дали домаќинството се занимавало со земјоделство во изминатите 12 месеци?**
- **Потребно е ако NHS се користи како средство за собирање податоци**

**ИЗБОР НА ИСПИТАНИЦИ**

- **Колку лица ќе интервјуираме?**
- **Кој треба да ја пријави оваа информација?**

**СОБИРАЊЕ НА МИНИМАЛНА ЗБИРКА ПОДАТОЦИ**

- **Прашања на индивидуално ниво наспроти пристапот со парцели**
- **Бр. интервјуирани поединци**
- **Приспособување на прашањата / опциите за одговор**

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

**ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ДОМАЌИНСТВА**

- **Дали домаќинството се занимавало со земјоделство во изминатите 12 месеци?**
- **Потребно е ако NHS се користи како средство за собирање податоци**

**ИЗБОР НА ИСПИТАНИЦИ**

- Колку лица ќе интервјуираме?
- Кој треба да ја пријави оваа информација?

**СОБИРАЊЕ НА МИНИМАЛНА ЗБИРКА ПОДАТОЦИ**

- Прашања на индивидуално ниво наспроти пристапот со парцели
- Бр. интервјуирани поединци
- Приспособување на прашањата / опциите за одговор

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

| | Прашање | Функција |
|---|---|---|
| **Q1** | Дали ова домаќинство управувало со земјиште (1) за земјоделски цели во последните 12 месеци? (2)<br>1. Да<br>2. Не (Q3) | Скрининг (земјоделство) |
| Q2 | Дали земјоделството се практикувало како…<br>*(штиклирајте сѐ што важи)*<br>1. За употреба / консумирање во рамки на домаќинството<br>2. За профит / трговија<br>3. Платена работа за други | Исклучете ги домаќинствата каде земјоделството се практикувало само како наемна работа |
| Q3 | Дали ова домаќинство одгледувало или чувало добиток (на пр. говеда, кози, итн.) во последните 12 месеци?<br>1. Да<br>2. Не (крај на прашањата) | Скрининг (добиток) |
| Q4 | Дали одгледувањето/чувањето добиток се практикувало како…<br>*(штиклирајте сѐ што важи)*<br>1. За употреба / консумирање во рамки на домаќинството<br>2. За профит / трговија<br>3. Платена работа за други | Исклучете ги домаќинствата каде што одгледувањето/чувањето добиток се практикувало само како платена работа |

(1) Вклучувајќи овоштарници и кујнски градини

(2) Алтернативни фрази:

Дали ова домаќинство го обработувало земјиштето за земјоделски цели во последните 12 месеци?
Дали ова домаќинство го користело земјиштето за земјоделски цели во последните 12 месеци?
Дали ова домаќинство управувало со земјиштето за да произведе земјоделски култури во последните 12 месеци?
Дали ова домаќинство го обработувало земјиштето за да произведе земјоделски култури во последните 12 месеци?
Дали ова домаќинство го користело земјиштето за да произведе земјоделски култури во последните 12 месеци?

# 6. КЛУЧНИ ПОИМИ И КОНЦЕПТИ

Домаќинството е **дефинирано како земјоделско домаќинство** ако:

и / или

управувало со земјиштето во изминатите 12 месеци за земјоделски цели или за сопствено консумирање или трговија, или за обете (Q1 = да, Q2 = „сопствено консумирање“ или „трговија“)

одгледувало добиток во изминатите 12 месеци за земјоделски цели или за сопствено консумирање или за трговија, или за обете (Q3 = да, Q4 = „сопствено консумирање“ или „трговија“)

Домаќинството **е <u>не</u> е земјоделско домаќинство** ако:

или

не управувало со земјиште и не одгледувало добиток

неговите членови управувале со земјиште или одгледувале добиток само како најмени работници.
Во таков случај тие се работници во претпријатие, па затоа не треба да се смета дека им било ускратено правото само затоа што не ги поседуваат средствата на претпријатието.

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

**ЗАБЕЛЕШКА**

При собирање на податоци за индикаторот преку **национално истражување за домаќинствата,** во земји или региони со низок процент на земјоделски домаќинства, потребен е **поголем примерок од земјоделските домаќинства** за да се обезбедат точни проценки.

**Во земјоделските истражувања** каде единицата на анализа се земјоделските стопанства, не е потребно да се зголеми примерокот.

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

**ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ДОМАЌИНСТВА**

- Дали домаќинството се занимавало со земјоделство во изминатите 12 месеци?
- Потребно е ако NHS се користи како средство за собирање податоци

**ИЗБОР НА ИСПИТАНИЦИ**

- **Колку лица ќе интервјуираме?**
- **Кој треба да ја пријави оваа информација?**

**СОБИРАЊЕ НА МИНИМАЛНА ЗБИРКА ПОДАТОЦИ**

- Прашања на индивидуално ниво наспроти пристапот со парцели
- Бр. интервјуирани поединци
- Приспособување на прашањата / опциите за одговор

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

**Избор на испитаници**

Штом домаќинството е класифицирано како земјоделско, **секој возрасен член може** да биде испитаник.

За собирање податоци за индикаторот 5.а.1, треба да се донесат **две клучни одлуки** при изборот кој да се интервјуира:

**Кој треба да ја пријави оваа информација?**

**За колку поединци треба да се соберат информации?**

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

Постојат **три различни стратегии** кои би можеле да се користат:

**Еден сроден испитаник**
*Вообичаено, најинформирантиот член на домаќинството е интервјуиран за да се соберат информации за сите членови на домаќинството*

**Пристап на самомостојно одговарање применет за сите членови**
*Секој возрасен член на домаќинството е интервјуиран за неговите/нејзините права на сопственост/владение врз земјоделското земјиште*

**Пристап на самомостојно одговарање применет само за еден член**
*Еден случајно избран возрасен член на домаќинството е интервјуиран за неговите/нејзините права на сопственост/владение врз земјоделското земјиште*







# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

Теренските тестови на проектот **EDGE** помогнаа да се разбере која од овие стратегии е поефективна и порелевантна за испитување на правата врз земјоделското земјиште од родова перспектива

Конкретно, откриено беше дека:

**Податоците пријавени од сродни испитаници ги намалуваат проценките** и за пријавената и за документираната сопственост на земјоделското земјиште.

Теренскиот тест во Уганда покажа дека **потценувањето е поголемо кај мажите отколку кај жените**:

- За пријавена сопственост -15% за мажи, -10% за жени
- За документирана сопственост -7% за мажи и -2% за жени

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

Имајќи ги предвид овие наоди, се препорачува:

**ДА СЕ ПРАВИ**
Интервјуирајте ги членовите на домаќинството за **нивниот статус**

**ДА НЕ СЕ ПРАВИ**
Соберете информации за индикаторот 5.а.1 преку сродни испитаници

Поради буџетски и временски ограничувања, може да е возможно да се интервјуира само **еден возрасен член по домаќинство**.

Меѓутоа, ако една земја сака да ја проучува динамиката во рамки на домаќинството за 5.а.1, може да одлучи да собира информации за секој член од домаќинството

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

**ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ДОМАЌИНСТВА**

- Дали домаќинството се занимавало со земјоделство во изминатите 12 месеци?
- Потребно е ако NHS се користи како средство за собирање податоци

**ИЗБОР НА ИСПИТАНИЦИ**

- Колку лица ќе интервјуираме?
- Кој треба да ја пријави оваа информација?

**СОБИРАЊЕ НА МИНИМАЛНА ЗБИРКА ПОДАТОЦИ**

- **Прашања на индивидуално ниво наспроти пристапот со парцели**
- **Бр. интервјуирани поединци**
- **Приспособување на прашањата / опциите за одговор**

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

## МИНИМАЛНА ЗБИРКА ПОДАТОЦИ

Индикаторот 5.а.1 ги смета за **сопственици или носители на правото на владение** сите поединци кои живеат во земјоделски домаќинства и задоволуваат најмалку еден од следниве трите сродни услови:

- се **наведени како „сопственици“ или „носители (на права)“ во законски признат документ** што сведочи за обезбедената сопственост или владение врз земјоделското земјиште
- има право да го продава земјоделското земјиште
- има право да го остави во наследство земјоделското земјиште

Врз основа на овие критериуми, минималната збирка податоци потребни за пресметување на индикаторот се следниве:

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

МИНИМАЛНА ЗБИРКА ПОДАТОЦИ

1 Без разлика дали домаќинството управувало со земјиште или одгледувало/чувало добиток во изминатите 12 месеци

2 **Пол** на избраниот поединец

3 Возраст на избраниот поединец

4 Без разлика дали избраниот **поединец поседува или има права на користење на какво било земјоделско земјиште**

5 Дали за земјоделското земјиште во сопственост или посед на испитаникот постои или не **законски признат документ** кој овозможува заштита на правата на сопственост/владение врз земјиштето

6 Без разлика дали избраниот **поединец е наведен** како сопственик или носител на кој било од формалните документи

7 Без разлика дали избраниот поединец има право **да го продаде** земјоделското земјиште, самостојно или заедно со друго лице

8 Без разлика дали избраниот поединец има право **да го остави во наследство** земјоделското земјиште, или самостојно или заедно со друго лице

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

*На кое ниво да се собираат податоците?*

**НА ИНДИВИДУАЛНО НИВО**

или

НА НИВО НА ПАРЦЕЛА





# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

НА ИНДИВИДУАЛНО НИВО

Овој пристап се препорачува ако:

истражувањето може да собере само минимална збирка на прашања за сопственоста на/или правата за владение со земјоделското земјиште

или

вклучувањето на списокот парцели излегува надвор од опфатот на истражувањето

Во таков случај, прашањата на индивидуално ниво треба да се поставaт преку индивидуален прашалник/модул администриран на случајно избран возрасен член на домаќинството или на сите членови на домаќинството.

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

## НА НИВО НА ПАРЦЕЛА

Постојат **две причини** зошто земјите може да се одлучат да собираат информации на ниво на парцела наместо на индивидуално ниво:

Земјата спроведува **национално репрезентативно истражување кое веќе прави список на парцели** (на пр. LSMS-ISA и многу земјоделски истражувања) на кои може да се додадат прашањата за сопственост или за владението

Земјата сака да обезбеди повеќе податоци **од оние стриктно потребни за пресметување на индикаторот** и да направи поширока збирка на информации со цел да се спроведе сеопфатна анализа на сопственоста, правата и контролата кај жените и мажите врз земјоделското земјиште. Собирањето такви информации, вклучвајќи и такви за карактеристиките на земјоделското земјиште, треба да се врши на ниво на парцела

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

Модул за истражување на ниво на парцела за истражувања на домаќинствата

Модул за истражување на ниво на парцела за истражувања на домаќинствата

Модул за истражување за земјоделски истражувања

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

**Дополнителни ставки за податоци**

Постојат различни дополнителни ставки на податоци што една земја може да ги собере за да спроведе попрецизна анализа на правата на сопственост или владение врз земјоделското земјиште.

Истите ги опфаќаат следниве теми:

- карактеристики и користење на парцелата
- обезбедено владение
- вид и форма на сопственост, вклучувајќи го и начинот на кој се стекнале правата за одлучување

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

**Честота**

Предложената честота за собирање на информации за овој индикатор е **на секои 5-7 години.**

Бидејќи правата на сопственост или владение имаат тенденција да останат стабилни на краток рок, честотата од *5-7* години за собирање податоци е **доволна за да се опфатат и оценат промените**. Поголема честота би чинела повеќе и не е потребна.

# 6. СТРАТЕГИИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

**Приспособување**

Ова е еден од најделикатните аспекти што треба да се земат предвид кога се работи со индикатори на глобално ниво. Постојат **две клучни начела** кои мора да бидат избалансирани:

Обезбедете **споредливост** на резултатите помеѓу земјите

За да се постигне споредливост, од фундаментално значење е строго да се почитува протоколот за индикаторот – т.е., да се покријат сите потребни податоци, да се собираат податоци преку соодветни средства и од вистинските испитаници.

**Прилагодете се** на карактеристиките и потребите на **конкретниот контекст**

- Во многу случаи, буквалниот превод не е најдобриот пристап. Посебна грижа треба да се посвети на преведувањето на концептите за право на сопственост, право на продажба и оставина.
- Списокот на законски признати **уверенија и потврди** кои ги штитат правата за користење на земјиштето е мошне специфичен за секоја земја. Честопати потврдите имаат специфичен назив во секоја земја, затоа е важно предложениот список да се мапира со документите што се користат во земјата. Во некои случаи документот е специфичен само за земјата, па затоа мора да се додаде на списокот.

# ВИ БЛАГОДАРИМЕ!

Food and Agriculture Organization of the United Nations

Леман Јонка Гурбузер
статистичар, ФАО
Родовата фокусна точка, Оддел за ЕСС и фокусна точка на SDG за 5.а.1

yonca.gurbuzer@fao.org

За повеќе информации, ве молиме посетете ја веб-страницата:
http://www.fao.org/sustainable-development-goals/indicators/5.a.1/en/